Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА" А.Д.
Бр. 02-693/15
Прилеп, 28.05.2025 год.

Врз основа на членовите 383, 384, 487 и 490 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М." бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97, 98 и 169 од Статутот на П.И. „Витаминка" А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), а согласно со член 36 од Правилата за котација и член 59 од Правилата за тргување, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка" А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 28.05.2025 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за исплата на дивиденда за 2024 год.**
**-ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР-**

**Член 1**

Дивидендата за 2024 година изнесува 360,00 денари нето по акција или 400,00 денари бруто по акција што во процентуален износ од номиналната вредност на акцијата е 12,30%.

**Член 2**

Датум на пресек на акционерската книга според која се определува листа на акционери кои имаат право на исплата на дивиденда за 2024 година е 10.06.2025 год.

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 06.06.2025 год.

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 09.06.2025 год.

**Член 3**

Исплатата на дивидендата за 2024 год. ќе се изврши до 30.09.2025 год.

**Член 4**

Дивидендата ќе биде исплатена во паричен износ.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 487 став (1) од Законот за трговските друштва: „(1) По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, собирот на содружниците, односно собранието го определуваат делот којшто им се доделува на содружниците, односно на акционерите во форма на дивиденда, според правата што ги дава уделот, односно според родот и класата на акциите." Во ставовите 4 и 5 е наведено дека: „(4) Начините на плаќање на дивидендата ги утврдуваат содружниците на собир на содружниците или преку изјаснување со допишување, односно акционерите на собрание. (5) Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеца по завршувањето на деловната година. На содружниците, односно акционерите може во текот на деловната година од предвидливиот дел од добивката да им се исплати аванс на име дивиденда."

Од изнесените причини беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА" 1 ПРИЛЕП